*Елена РИЗОВА*

**УДК: 37.041**

# ТРЕТМАНОТ НА САМОУЧЕЊЕТО ВО КОНЦЕПТОТ НА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ


***Кратка содржина***

*Времето во кое живееме денес, со сите промени кои ги носи со себе во различните области на животот и работата, ја условува потребата за постојано учење и образование. Тоа истовремено значи дека современиот систем на образование мора да се гради на база на еден нов тип на учење - на учењето како да се учи или самоучењето.*

*Појавата на самоучењето може да се смета како реакција на промените во пост-индустриското општество. Всушност, тоа се јавува како одговор на општественото и политичко парашање: Дали нашата младина поседува доволно знаења, вештини и ставови потребни за продуктивен живот во едно пост-индустриско опшетство?*

*Самоучењето per se е одговор на ова прашање, бидејќи тоа им дава огромна автономија на личностите и влевање на моќ во нивните животи - лична, образовна и граѓанска.*

*Во вакви услови се преиспитува сè уште присутната состојба на "енциклопедиско знаење", vis á vis афирмираната потреба учениците на сите нивоа на образование да се запознаат со методите и техниките за самостојно учење, односно да се оспособат за самоучење.*

*Недостатокот на програми кои вклучуваат елементи за самоучење, недостатокот од прирачници за наставниците кои би им помогнале да ги оспособат учениците за ваквиот тип на учење, како и недоволната подготвеност на наставниците за примена на иновативни наставни методи и техники во наставата - се секојдневна пречка која сè уште е присутна во образовниот систем во повеќето земји, па и во нашата.*

*Самоучењето, полека но сигурно, треба да стане дел од секој модерно конципиран систем за образование, овозможувајќи им и на децата и на возрасните да станат управувачи со сопственото образование и учење и да бидат во тек со забрзаните промени на општеството базирано на знаење.*


***Клучни зборови:*** *САМОУЧЕЊЕ, ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, ПАЗАР НА ТРУД, ОПШТЕСТВО БАЗИРАНО НА ЗНАЕЊЕ, КОМПЕТЕНЦИИ.*

### *1. Поим за самоучење*

Поимот *самоучење* не е нов и се јавува уште во втората половина на 19 век во Велика Британија, каде авторот Смајлс (Smiles, 1859) го објавува своето дело "Самопомош" во кое говори за вредноста на самоучењето за персоналниот развој на човекот. Овој поим (самоучење) најпрво бил поврзуван со образованието на далечина во кое ученикот во голема мера е независен и самостојно учи. За самоучењето се користеле и сѐ уште се користат и други називи како: самопланирано учење, автономно учење, независно учење, отворено учење, самоподучување итн.

Тоф[1], дава интересна метафора за учењето на возрасните кое го нарекува "леден брег" од кој видлив е само оној дел што се наоѓа над водата (кој го споредува со формалното, неформалното и информалното учење) и кој изнесува 20% од вкупното знаење на човекот. Останатите 80% кои не се видливи и се наоѓаат под водата се однесуваат на способноста на човекот за самоучење.

Постојат многу обиди да се дефинира самоучењето и неговите карактеристики. Па така, Ноулс го дефинира самоучењето како "процес во кој човекот е иницијатор за учење кој ги дијагностицира потребите, ги формулира целите, ги локализира ресурсите, ги применува стратегиите за учење и ги евалуира постигнатите резултати" (Knowles, 1990, стр. 29).

Понатаму, истиот автор ги издвојува и вештините или способностите за успешно самоучење кои треба секој ученик да ги поседува:

- љубопитност, односно способност за дивергентно мислење;
- себепознавање (познавање на своите "силни" и "слаби" страни во учењето);
- способност за успешна дијагноза на сопствените потреби за учење;
- способност успешно да се идентификуваат ресурсите за учење;
- располагање со современи техники и методи на учење;
- способност за планирање на процесот на учење.

Во "Педагошката енциклопедија", самоучењето се дефинира како "сознајна дејност насочена кон одредена цел, со која управува единката и со која се стекнуваат систематски знаења во различни области од науката, техниката, културата, политичкиот живот итн."[2]

Современите андрагози пак, сметаат дека оној човек кој е оспособен за самоучење треба да поседува основни знаења, вештини и навики за самостојна работа, што подразбира самостојно ракување со различни извори или ресурси за учење, како: книги, енциклопедии, речници, прирачници, интернет, карти, скици итн.

Заедничко за сите овие дефиниции е тоа што сите го сметаат самоучењето за форма на учење која во голема мера е подредена на индивидуалните потреби и

---

[1] Tough, 1979, стр.2

[2] Група автори, 1990, стр. 306

желби на учениците, како и на нивната умешност во менаџирање со сопственото време и информациите.

Оваа форма на учење исто така зависи и од самоактивноста на ученикот, која резултира со развој на знаења, вештини, навики и способности во одредувањето на целта, како и организацијата, ефикасноста и вреднувањето на процесот на учење. При тоа, самоучењето претпоставува голема доза на свесност на личноста за слабостите и силните страни на сопствените вештини и квалификации, како и свесност за надоградување и примена на веќе стекнатото знаење во различни контексти - дома, на работа, во едукацијата итн.

Самоучењето, како значајна компонента на доживотното учење, може да им помогне на луѓето успешно да го организираат процесот на учење, при тоа приспособувајќи го кон сопствените можности и потенцијали. Секако дека за некој да се оспособи за самоучење треба да поседува одредени фундаментални вештини, како што се способноста за читање и пишување, како и користењето на информациско-комуникациската технологија.

Врз основа на овие вештини, личноста понатаму треба да стекнува, асимилира и процесира нови знаења и вештини. Во голема мера, самоучењето се потпира и на самодисциплината на личноста која ја има во контекст на учењето, како и на барањето на совети информации и поддршка кога ѝ е потребно.

На самоучењето треба да гледаме како на долготраен процес кој ги поврзува зедно минатото со иднината на одредено општество. Поради тоа, на самоучењето се гледа како на двигател на идниот економски напредок, како на одбран инструмент за борба против невработеноста, како на подвижна сила за научно-технолошкиот напредок и како виза за индивидуалниот успех.

## *2. Методи и техники за успешно самоучење*

Учениците од сите степени на образованието, вклучувајќи ги и оние во образованието на возрасните, наставниците, едукаторите, експертите кои се бават со учењето и наставата - се согласуваат дека способноста да се учи самостојно и на сопствена одговорност е една од најважните одлики и компетенции во концептот на доживотното учење.

За жал во училиштата, каде лежи основата на оспособување на учениците со основните техники на учење, сè уште владее усното пренесување на знаењата и користењето на текстуалните извори за таа цел. Врз основа на тоа, многу од стратегиите на учењето во училиштата се засноваат на учењето на материјалот напамет (што и не претставува некаква стратегија).

Подолу се наведени оние наставни стратегии кои ќе им овозможат на учениците самостојно соочување со наставниот материјал и преку кои ќе бидат помалку зависни од дидактичките способности на едукаторите; полесно ќе ги постигнат претходно поставените цели во учењето; ќе научат да го менаџираат

сопственото време според потребите и аспирациите, критички ќе ги вреднуваат информациите итн.

### *2.1. Активно читање*

Во денешно време кога телевизијата и интернетот често се наведуваат како основни средства за размена на информации, многу малку внимание му се посветува на читањето како најстара и најчесто употребувана техника за учење.

Поради тоа, најголем дел од возрасните (и учениците) се срекаваат со следните тешкотии: неможност за разбирање на стручните книги, неможност за формирање критички однос кон она што се чита, како и неможност да се справат со големиот фонд на печатени информации.

За да може читањето да стане активно, возрасните треба да се придвижат подалеку од ниското ниво на вештината на читање, на ниво каде што читањето станува комплексно средство за постигнување на понатамошните повисоки нивоа на мислење.

За да ја постигнеме таа цел, треба да обрнеме внимание на следните елементи на активното читање:

- Утврдување на целта на читањето
- Подготовка за читање
- Интензивно соочување со материјалот за читање
- Правење белешки при читањето
- Завршно читање (критичко соочување со материјалот за читање)

### *2.2. Учење со концентрација*

Терминот ***учење со концентрација*** претставува способност на единката намерно и свесно да го насочува вниманието кон одреден предмет, мисла, при тоа оградувајќи се од сите надворешни влијанија и пречки.

Во досегашната наставна теорија и практика, докажано е дека концентрацијата при учењето е еден од најчестите проблеми со кои се соочуваат оние што учат. Поради тоа направени се низа истражувања кои укажуваат на најчестите пречки при учењето, кои можат да се поделат во две категории: внатрешни пречки и надворешни пречки:

- ***Внатрешните пречки*** се однесуваат на сите оние пречки кои се наоѓаат во психата на оној кој што учи, при тоа оневозможувајќи му да се концентрира на одредена содржина. Во споредба со надворешните пречки, овие пречки имаат посложена структура и неможат лесно да се совладаат. Тие можат да бидат: недостиг на мотивација, замор, стрес, депресија, итн.
- ***Надворешните пречки*** доаѓаат однадвор и се однесуваат на влијанието на средината врз оној кој учи. Тоа се сите оние шумови кои

ни го нарушуваат мирот потребен за да се концентрираме на она што го учиме, како: вревата од телевизорот, телефонот, џагорот на децата итн. Во споредба со внатрешните пречки за концентрација, овие можат полесно да се контролираат и сведат на минимум. Доколку сте свесни и добро мотивирани и имате изградено свесен став кон работата, тие не можат сериозно да ја загрозат вашата мотивација.

*2.3. Користење на повеќе извори за учење*

На различни проблеми на проучување треба да им се приоѓа на различни начини. Така на пример, одреден географски проблем би изискувал користење на географски атласи, барање на географски карти за тој регион, консултирање на интернет за некои актуелни и нови информации итн. Додека историските проблеми на проучување можат да се истражуваат преку користење на историски документи од библиотеките, преку посета на музеите и сл.

За таа цел, вредно е да споменеме некои од изворите на учење кои би можеле да се користат при учењето на секаков вид материјал.

- **Стручните книги** - тие се основниот алат за сите кои се бават со умствената дејност и најстариот и најчесто користениот извор на знаење. Стручните книги претставуваат еден вид скелет на одредена област кој подоцна треба да се надоградува со другите извори на знаење. Тие ги покажуваат главните обележја на одредена област и служат како патоказ при пробивањето во новите непознати предели на знаењето.
- **Стручни речници и енциклопедии** - тие претставуваат основната помош кога стручните книги не ни обезбедиле доволно информации за одреден поим или појава. Тие се состојат од стручни термини и изрази чие значење мораме да го знаеме при разработката на научните статии и расправи. Дефинициите кои се составен дел на овие извори на знаење честопати можат да ни помогнат и при пишувањето на некој научен труд, од што произлегува нивното големо значење при процесот на учење.
- **Стручни списанија**. Многу често кога проучуваме одредена област, за новините во истата и новите тенденции дознаваме токму од стручните списанија, кои претставуваат еден вид врска помеѓу старите и новите сознанија до кои дошла некоја наука. Тие содржат статии напишани од различни експерти од одредена област, со чија помош добиваме слика и можеме да направиме компарација за домашните и светските постигнувања од таа област. Стручните списанија можат да бидат од национално, меѓународно и светско ниво.
- **Телевизијата како медиум за едукација** добива сè поголемо значење во денешно време кога телевизиските мрежи се поврзани на глобално

ниво и му овозможуваат на човекот да биде во тек со сите актуелности од научен и ненаучен карактер. Од значење за науката се научните и документарните емисии кои му го прошируваат знаењето на човекот, ги прават достапни некои од ретките појави кои се случуваат во светот (затемнување на сонцето, ерупција на вулкани итн.), го прикажуваат долгогодишниот развој на некоја појава, ги приближуваат до човекот тешко достапните предели, прикажуваат одредени тешко изводливи експерименти итн. Сето тоа е полесно восприемчиво за човекот поради ангажирањето на повеќе сетила (сетилото за вид и сетилото за слух), наспроти сетилото за вид кај останатите извори.

- **Библиотеките како извор за учење** - се исто така еден од почесто користените извори за учење, поради неможноста многу од стручните книги да се купат или да се најдат. Меѓутоа, за жал многу од луѓето не знаат правилно се служат со библиотечните информации или пак не го познаваат доволно значењето на библиотеките.
- **Банки на податоци.** Банки на податоци се сите систематски средени информации напишани на магнетски/оптички мемории (знаци, текстови и слики). Со софтвер за управување со банките на податоци може да се пребарува според различни критериуми: клучен збор, област, година и сл. Банките на податоци може да бидат подготвени од различни приватни и јавни институции (издавачки куќи, информативни бироа, национални и интернационални установи за информации и документации), кои постојано ги следат публикациите што се објавуваат во одредена област.
- **Интернетот** - како крајното "чудо" на техниката е бескраен извор на знаења од било која област. Со правилно пребарување, човекот може да добие скоро секаков вид на информации: од најразновидни закони и државни устави на одредена земја, па сé до упатства за изработка на бомби. На интернет може да се најдат цели книги, статии, електронски речници и енциклопедии итн., со што се докажуваат неговите бескрајни можности и се поставува прашањето: *До каде може да оди техниката?*

### *2.4. Менаџирање на времето за учење*

Секој човек во одредена етапа од својот живот бил во ситуација да направи одреден план за иднината, нацрт за постигнување на одредена цел и остварување на некоја намера. Па така, менаџирањето на времето за учење претставува изработка на одреден план (краткорочен или долгорочен) за постигнување на соодветна образовна цел.

Може да се каже самиот успех во образованието, во голема мера зависи од способноста на луѓето рационално да го користат своето време за учење.

**Краткорочно планирање**

За да започнат со планирање на своето време, учениците[3] најнапред треба да направат увид во тоа како го поминуваат своето време, односно како им поминува еден просечен работен ден. За таа цел, тие треба да изготват извештаи за тоа што, каде и во колку часот правеле.

Откако ќе ги погледнат изработените табели, учениците добиваат слика за тоа колку време поминуваат во непотребно одмарање, гледање телевизија, разговарање на телефон, играње игри итн.

Потоа треба да се помине на следниот чекор, а тоа е рационализација на времето, поставување на *дневни цели и приоритети*. Краткорочното планирање предвидува цели кои се брзо остварливи. Тоа ја дели седмицата на работно време, одмарање, одредува кога ќе започнеме одредена активност и кога ќе ја завршиме, колку време е потребно за реализација на таа активност и сл.

Краткорочното планирање служи за обезбедување урамнотежен дневен ритам и тоа е гаранција дека ќе ги исполниме обврските, дека ќе ги постигнеме целите на учењето, без притоа да ги занемариме нашите потреби за слободно време, опуштање и дружење.

Во неделното планирање најдобро е да се планираат активности со времетраење од еден час, а меѓу нив да следува мала пауза за ужина, раздвижување, вежби за опуштање или слушање музика. Кога ги планирате едночасовните активности, секогаш имајте предвид да не ставате истородни активности последователно, поради можноста да дојде до негативен трансфер во учењето.

**Долгорочно планирање**

Долгорочното планирање претпоставува поставување на далечни цели и преземање на мерки за нивно реализирање. Тоа не е едноставно продолжување на краткорочното планирање. Напротив, долгорочното планирање е сложен процес кој изискува силна волја, знаење што се сака (јасно зацртани цели), истрајност во однесувањето и познавање на начините и патиштата за побрзо постигнување на целта. Најчесто долгорочното планирање е годишно или повеќегодишно планирање.

Кога се планира одредена активност за подолг временски период, најдобро е да се направи список од *приоритети*, односно што треба да се направи најнапред, а што потоа. На пример, за да се постигне целта добивање на стипендија, треба да се постигне висок просек, за да се постигне тоа, секој испит треба да се положи со висока оценка, а за да се постигне тоа - треба напорно да се учи.

Исто така, пожелно е да се изготви и *минимален, основен план* за одредени активности, што ќе ги репрезентира активностите што се елементарни и мора да се направат во текот на идната планирана година. Минималниот план секогаш треба да биде скромен и во склад со можностите на поединецот, за подоцна да не дојде до разочарување доколку не се успее да се реализира истиот. Освен основниот

---

[3] Кога го употребуваме терминот ученици, се мисли на сите оние кои учат, вклучувајќ и ги тука и возрасните и студентите.

план, долгорочното планирање треба да содржи и *дополнителен план* составен од активности кои треба да се реализираат доколку остане време.

Во подготовката на долгорочниот план секогаш треба да тргнуваме од нашите *можности и капацитети*, како и да имаме предвид дека нема секогаш да бидеме во “врвна форма”, дека ќе имаме “врнежливи” денови, денови кога ќе бидеме болни, денови кога ќе празнуваме итн.

### *3. Улогата на наставниците во процесот на самоучење*

Положбата и улогата на наставникот во современо организираниот наставно-образовен процес, односно во услови на прифаќање на концепцијата за доживотно образование, е во центарот на интересирањата на андрагозите и педагозите. Тоа е така веројатно поради неможноста на наставниците и едукаторите да одговорат на барањата наметнати од современото општество, а со кои целосно се менува онаа “традиционална улога” која има наставникот во наставниот процес.

Промените во општеството се покажаа како толку сигнификантни, за што сведочи ургентната потреба за глобална реконцептуализација на наставниот процес. Сегашната цел на образовните институции е всадување на виталната желба за учење, а за да се постигне истата, наставниците и едукаторите мора да го научат ученикот да учи.

Традиционалната настава (попозната како “стара школа”), која сè уште е присутна во наставата во нашата земја (со тенденција да се смени), го ставаше слушателот во пасивна состојба, во состојба на приемник на информации и податоци од кој подоцна се бара истите да ги репродуцира без и самиот да земе учество во процесот на учење.

Авторот Пауло Фреире (Paulo Freire) во своето дело *“Педагогија на угнетените”* сето тоа сликовито го објаснува компарирајќи го ученикот (слушателот) со контејнер што треба да биде наполнет со информации (кои патем се отцепени од реалноста, шупливи и оттуѓени зборови) од страна на наставникот (едукаторот). Успешноста на едукаторот се гледа во способноста повеќе да го наполни контејнерот со информации.

Овој процес Фреире го нарекува процес на *“банка”* бидејќи “... обемот на знаењата на слушателите е контролиран од примањето, полнењето и чувањето на депозитите што ги ставаат едукаторите. Колку повеќе слушателите се обидуваат да ги зачуваат депозитите на едукаторите, толку помалку се развиваат во критички и свесни суштества кои можат да го променат светот. Колку повеќе се обидуваат да ја прифатат пасивната улога која им е наметната, толку повеќе и ќе се препуштат на промените на светот без да направат нешто”. (Freire, 1993, стр.53)

Традиционалната улога на едукаторите е напаѓана и во многу други дела и од многу други автори, сé со цел истата да се промени и да се адаптира на променетиот начин на учење и на живеење на луѓето денес.

Од друга страна, новата улога на едукаторот како оспособувач за доживотно учење и “учење како да се учи”, подразбира:

- компетентност на општо-педагошки и дидактички план за пренесување на знаења и вештини, при тоа обрнувајќи посебно внимание на стратегиите и методите за самостојно стекнување на знаења;
- развивање и стимулирање на мотивацијата за учење;
- развивање и стимулирање на креативноста, соработката, самостојноста, критичкото мислење;
- поттикнување на студентите за самостојно и креативно решавање на проблеми;
- способност за интегрирање на принципите на доживотното учење во процесот на наставата и учењето;
- способност за постигнување на меѓународни (европски) стандарди во држењето на наставата.

Авторот Ханс Јирген Нудсен од Европската Фондација за Обука, ја компарира старата и новата улога на наставникот (едукаторот), порачувајќи да работи на преминот "од предавањето или подучувањето кон учењето".

| *стар начин на едукација* | *нов начин на едукација* |
|---|---|
| **Едукаторот е експерт кој треба да ги "научи" слушателите** | **Едукаторот треба да ги научи слушателите како да учат** |
| **Едукаторот е експерт од својата област и тој одлучува со кого ќе воспостави контакт** | **Едукаторот ги вклучува сите во процесот на учење** |
| **Едукаторот "знае сé"** | **Едукаторот го пренесува своето знаење на најдобар можен начин** |

***Слика бр. 1** Премин од предавање кон учење*[4]

[4] Преземено од материјали од конференцијата на ETF за *Импликацијата за промените од предавање кон учење*

Во концепцијата на доживотното учење, терминот наставник не е адекватен, бидејќи во голема мера асоцира на традиционалната настава во која улогата на наставникот е пренесувањето на информации. Новите термини кои се употребуваат за старите називи на едукаторите и наставниците се: *помошник, фасилитатор, консултант, инструктор, ментор, аниматор, водач, супервизор итн.*

Тие ја нагласуваат новата и изменета позиција на едукаторот во наставно-образовната работа и ја истакнуваат неговата обврска да ги потикнува слушателите да учат, да им го олесни процесот на учење, да им даде на располагање доволно извори и информации за учење, да ги охрабри да учествуваат во активностите за учење, да ги научи како да учат, да го има предвид нивното предзнаење, да ги третира како рамноправни на него - да ја подготви "почвата од која учениците ќе жнеат". Всушност, во концептот на доживотното учење наставникот има рамноправна улога со ученикот, бидејќи и тој е *доживотен ученик*, кој постојано учи нешто ново.

Едукаторот во современо-концилираниот процес на учење треба повеќе да се однесува како извор на знаењето, а не како дидактички инструктор кој ги знае сите одговори, при тоа прифаќајќи ја својата "помошна улога". Со други зборови, едукаторот треба да се фокусира на учењето наместо на предавањето.

Битна задача на едукаторот во концептот на доживотното учење е и да придонесе кон личниот развој на учениците. Тоа треба да го направи преку нивно упатување кон различните извори на знаење, каде можат да ги најдат потребните информации за одреден проблем, како: печатот, телевизијата, библиотеките, интернетот, енциклопедиите, лексиконите итн. Во оваа смисла улогата на едукаторот прераснува во советник и помошник на студентите за поуспешно извршување на нивните задачи.

За да ги исполни сите овие функции, наставникот треба да го практикува не само вертикалниот пристап кон учењето (каде личноста со поголемо знаење, експертиза го пренесува истото на лица со помало знаење), туку и хоризонталниот пристап кон учењето (каде личностите со различни видови на знаење ги споделуваат своите искуства и учат еден од друг). "Наставникот не треба да биде само оној кој подучува, туку и оној кој дозволува да биде подучен од останатите". (Freire, 1993, стр.61)

Табеларно претставени, под заедничката шапка на учењето, овие два вида на подучување би изгледале на следниот начин:

| **УЧЕЊЕ ЗАЕДНО** | |
|---|---|
| **Вертикално учење** | **Хоризонтално учење** |
| експерт со повеќе знаење → ученици со помалку знаење | сите се експерти во различни области |
| знаењето се трансферира од експертот на учениците преку пасивни методи на подучување | новото знаење произлегува од сите, а се трансферира преку дискусии, презентации, решавање проблеми итн. |

| | |
|---|---|
| знаењето не зависи од заложбата и активноста на слушателите | знаењето лесно може да се примени во практиката |

Сите претходно споменати улоги и функции кои треба да ги поседува “новиот наставник”, значат и дека треба да се направат многу финансиски и образовни заложби од општествата, со цел да се доквалификува постојниот наставен кадар, да се оспособи неквалификуваниот наставен кадар и пред сé да се ревидира и реформира иницијалното образование за наставничките професии.

***Литература***

Alibabič, S. (1989), *Samoobrazovanje nastavnika u koncepciji permanentnog obrazovanja*, Beograd: Naučna knjiga.

Freire, P. (1993), *Pedagogy of the oppressed*, London: Pengiun Books.

Glasgow, N., Hicks, C. (2003), *What successful teachers do*, California: Corwin Press Inc.

Knowles, M.S. (1990), The adult learner: A neglected species, Houston: Gulf Publishing Company.

Krkovič, S.N. (1981), *Zošto i kako učiti*, Zagreb: Skolska knjiga.

Неф-Шредер, Р. (2000), *Научете да учите порационално*, Цирих: Белц.

OECD (2005), *The definition and selection of key competencies: Executive Summary,* без ознака: OECD

*Pedagoška enciklopedija I i II*, (1989), (red. Potkonjak, N. i Šimleša, P.), Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

Samolovčev, B. (1963), *Obrazovanje odraslih u prošlosti i danas*, Zagreb: Znanje.

Стотард, Б. (2004), *Образование за животни вештини: Прирачник за неформално образование*, Скопје: Канцеларија на UNICEF.

Tough, A. (1979), *The adult's Learning Projects: A fresh Approach to Theory and Practice in Adult Learning*, Toronto:Ontario Institute for Studies in Education.

*Elena RIZOVA*

# TREATMENT OF SELF-LEARNING IN THE CONCEPT OF LIFELONG LEARNING

***Summary***

*The presence, with all the changes that is bringing in different areas of life and work is demanding the need for continuing learning and education. That means that the contemporary system of education should and must be built on a new type of learning – learning how to learn or self-learning.*

*The appearance of self-learning can be seen as a reaction to the changes in post-industrial society. Actually, it is a responce of one societal and political question: Does our youth possesses enough knowledge, skills and attitudes needed for productive life in a post-industrial society?*

*Self-learning per se is an answer to this question, because it gives great autonomy to individuals and is inspiring power in their lives – personal, educational and civic.*

*In this kind of educational conditions it is taken in to reconsidiration the still present condition of "encyclopedian knowledge", vis á vis afirmative need of the students of all levels of education to learn about the methods and techniques of self-learning.*

*The lack of curricula that encompasses elements of self-learning, lack of teacher's manuals that would help them to qualify students with this type of learning, as well as non sufficient prepareness of teachers to use innovative teaching methods and techniques – are common obstacle that is still present in educational systems of many countries, including ours.*

*Self-learning, slowly but safely should become part of every modern system of education, allowing children and adults to become navigators of their own education and learning as well as enabling them to encounter the changes of the knowledge-based society.*